ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за спроведување на урбанистички планови

УП1 Бр. 30-484/2023 од 04.03.2024 год.

**ПРЕДМЕТ:** Известување за јавен увид

**ВРСКА:** Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 0,4KV кабелски вод и поставување на нови кабелски разводни и мерно-разводен ормар на пат за с.Цапари во КО Цапари-вон град и во КО Ротино, Општина Битола, е-урбанизам бр.55639

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр.32/20), Општина Битола го става на увид на јавноста Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план по член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23) за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нов 0,4KV кабелски вод и поставување на нови кабелски разводни и мерно- разводен ормар на пат за с.Цапари во КО Цапари-вон град и во КО Ротино, Општина Битола. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 04.03.2024 заклучно со 19.03.2024 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на шалтер на Општина Битола или по пошта на адреса: ул.Булевар 1-ви Мај бр.61, 7000 Битола.

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на општината.

Со почит,

Изработил, советник:

Христијан Атанасовски, дипл.инж.арх.

Одобрил в.д. Раководител на одделение:

Љубица Мигуловска, дипл.инж.арх.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА БИТОЛА